РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10 - 23/1
02.01. 2025 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Национален младински совет на Македонија, застапник ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1 1000 Скопје, со број 10-2545/1 од 26.12.2024 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот Национален младински совет на Македонија, застапник ул. Вељко Влаховиќ 7/1-1 1000 Скопје заверено под број 10-2545/1 од 26.12.2024 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Национален младински совет на Македонија, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 26.12.2024 година заверено под број 10-2546/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: дали од ставката 463 трансфер до НВО општината има подржано форми на младинско организирање; реализирани финансиски средства за млади за 2024 година; одвоено и реализирано финансиска подршка за младински центар и активности во 2024 година; одвоено и реализирано финансиски средства на локалниот младински совет во 2024 година; планирани финансиски средства за млади во буџетот за 2025 година.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, и по добиениот одговор од Секторот за финансиски прашања Ве информираме за следното: од ставката трансфери до НВО Општина Ресен нема подржано форми на младинско организирање; Општината нема реализирано финансиски средства за млади за 2024 година; Општината нема одвоено и реализирано финансиска подршка за младинскиот центар и активности во 2024 година; Општината нема одвоено и реализирано финансиски средства на локалниот младински совет во 2024 година; Општината нема планирано финансиски средства за млади во буџетот за 2025 година.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**